- Со усвојување на предметната документација ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека фотоволтаичните електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за изградба на фотоволтаични електрани, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Низ опфатот поминува 400 kV далновод Штип-Дуброво, Мерки за заштита се наведени во секторската област: Енергетика и енергетска инфраструктура.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини

со намена фотоволтаични електрани не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

- Просторот кој е предмет на изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), КО Ново Село Штип, Општина Штип нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на проектната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Мршевци нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), КО Ново Село Штип, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 5 MW на КП 323/5, и КП 323/9 м.в. Калимерово, КО Ново Село Штип, Општина Штип. Површината на планскиот опфат изнесува 6,94 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Изградбата на предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Ново Село Штип, Општина Штип ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. ВП „Средна и Долна Брегалница", каде се предвидува изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани, спаѓа во подрачја кои се сиромашни со вода. Специфичното истекување за сливот на реката Брегалница изнесува од 11,8 l/sek/km^2 кај мерното место „Берово", додека на водомерните станици „Очи Пале" изнесува 5,9 l/sek/km^2 и „Штип" изнесува 4,1 l/sek/km^2. Изградбата на фотоволтаичната електрана каде ќе се користи сончевата енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Низ локацијата **за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 5 MW м.в. Калимерово, КО Ново Село Штип, Општина Штип** минува постојниот преносен 400 kV далноводот Штип-Дуброво заради што при изработка на планските решенија за изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).
- Локацијата за **изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), м.в. „Калимерово", КО Ново Село Штип, Општина Штип** нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- Градбата на **површински соларни и фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), во м.в. „Калимерово", КО Ново Село Штип, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), во м.в. „Калимерово“, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), во м.в. „Калимерово“, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
- **Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани КО Ново Село Штип, Општина Штип, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  А4 - Граница со Косово-ГП Блаце - крстосница Стенковец - обиколница Скопје – Петровец – Миладиновци - Свети Николе – Штип – Радовиш - Струмица-гр. со Бугарија-ГП Ново Село.
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта **"Р1"** и е со ознака:

  Р1204 - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4)
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12,

168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16, 152/15, 31/16 и 163/16).

- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на **спортскиот аеродром Штип**.
- При изработка на планската документација, од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај**, да се почитува заштитната зона на аеродромот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област**.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), м.в. „Калимерово", КО Ново Село Штип, Општина Штип** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), КО Ново Село Штип, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), КО Ново Село Штип, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], подрачјето на катастарската општина Ново Село Штип има еден регистриран со решение споменик на културата, евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 5 MW, м.в. Калимерово, КО Ново Село Штип, Општина Штип, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште), КО Ново Село Штип, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини





ЛЕГЕНДА

	Катастарски парцели
	Проектен опфат
323/5	Број на катастарска парцела
282.14	Кота на терен
	Десен магистрален канал
	Помошна линија
	Изохипси
	Далекувод железен два система
	Столб за пренос на ел.енергија бетонски, дрвен
	Сливник
	Ревизионо окно кружно
	Падна линија
	Далекувод
	Жичана ограда
	Асфалт
	Заштитна ограда
	Канал

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план

со намена

Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани

на К.П.бр.323/5 и К.П.бр.323/9,

м.в.„Калимерово“, К.О.Ново Село Штип, Општина Штип

ЛЕГЕНДА:

323/5 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА У.П. (69.381m^2)

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА :

- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

P = 1 : 1000

0

БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ
дипл.инж.арх.
ОВПАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560

БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

2.



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Томе
“БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“
ул. "Даме Груев" бр.143, 7000 Битола Република Македонија

Технички број : **У-03/22**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани
на К.П.бр.323/5 и К.П.бр.323/9,
м.в.„Калимерово“, К.О.Ново Село Штип, Општина Штип

НАРАЧАТЕЛ :	ФАЗА : УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ДПТУ ЕАМ ДОО ул.„Индустриска зона Македонка“ бр.54, Штип	Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектниот опфат P = 1 : 1000	
	Планер : Ристевски Благоја диа бр. на овластување 0.0560	
	Соработник планер : Ристевски Јован диа	
	Контрола : Ристевски Благоја	Управител : Ристевски Благоја
e-mail :bubtome@gmail.com	ДАТА : 05/2022г.	ЛИСТ Бр. 2

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ за ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ (постојна состојба)

БРОЈ на катастарска парцела	Површина на проектен опфат	Површина под габарити			М.Д.В. до к.в. /етажи	НАМЕНА на постојните објекти	Вкупно развиена површина	ПАРКИРАЊЕ	
		M^2	П.И. %	К.И.				број	начин
323/5 и др.	69.381 $м^2$	0.00 $м^2$	0%	0.00	---	---	0.00 $м^2$	---	

НАПОМЕНА : Во проектниот опфат нема изграден градежен фонд, исто така нема градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго.



ЛЕГЕНДА

	Катастарски парцели
	Проектен опфат
323/5	Број на катастарска парцела
282.14	Кота на терен
	Десен магистрален канал
	Помошна линија
	Изохипси
	Далекувод железен два система
	Столб за пренос на ел.енергија бетонски, дрвен
	Сливник
	Ревизионо окно кружно
	Падна линија
	Далекувод
	Жичана ограда
	Асфалт
	Заштитна ограда
	Канал

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план

со намена

Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани

на К.П.бр.323/5 и К.П.бр.323/9,

м.в.„Калимерово“, К.О.Ново Село Штип, Општина Штип

ЛЕГЕНДА:

323/5 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА У.П. (69.381$м^2$)

- ЛОКАЛЕН ПАТ - ЗЕМЈЕН КОЛОВОЗ

- 400 кВ ДАЛЕКУВОД - АД МЕПСО

- 10(20) кВ ДАЛЕКУВОД - ЕД ДООЕЛ Скопје

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - СУПЕРПОНИРАН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ :

- КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД
- КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КАРТА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

P = 1 : 1000

0

БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ
дипл.инж.арх.
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560

БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

3.



ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ

Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Томе
“БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“
ул. "Даме Груев" бр.143, 7000 Битола Република Македонија

Технички број : **У-03/22**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани
на К.П.бр.323/5 и К.П.бр.323/9,
м.в.„Калимерово“, К.О.Ново Село Штип, Општина Штип

НАРАЧАТЕЛ :	ФАЗА : УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ДПТУ ЕАМ ДОО ул.„Индустриска зона Македонка“ бр.54, Штип	Суперпониран графички прилог P = 1 : 1000	
	Планер : Ристевски Благоја диа бр. на овластување 0.0560 Соработник планер : Ристевски Јован диа	
	Контрола : Ристевски Благоја	Управител : Ристевски Благоја
e-mail :bubtome@gmail.com	ДАТА : 05/2022г.	ЛИСТ Бр. 3

„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

Т.Д. ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ

ПЛАНСКИ ДЕЛ
НА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

СО

НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ,
НА К.П.бр.323/5 И К.П.бр.323/9, м.в.„КАЛИМЕРОВО“,
К.О.НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

ИЗРАБОТУВАЧ: ДООЕЛ „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ БИТОЛА

ИНВЕСТИТОР: ДПТУ „ЕАМ“ ДОО, ул.„ИНДУСТРИСКА ЗОНА МАКЕДОНКА“ бр.54, ШТИП

ТЕХ. БРОЈ: У-03/22

0 ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040

0 БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560

БИТОЛА, МАЈ, 2022г.

БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

II. ПЛАНСКИ ДЕЛ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Проектна програма
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат.
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение:
   - дејности и активности
   - внатрешни сообраќајници
   - партерно решение со хортикултура
   - водови и инсталации на инфраструктурите
4. Детални услови за проектирање и градење
5. Мерки за:
   - заштита на животната средина
   - заштита и спасување
   - обезбедување на пристапност за лица со инвалидност
   - заштита на природното и културното наследство, и
   - други мерки согласно мислења од надлежни субјекти

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

4. Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000
   -површини за градење;
   -табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат (постојна состојба) и
   -табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат (планирана состојба).
5. Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000
   -внатрешен и стационарен сообраќај и
   -нивелманско решение
6. Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000
   -партерно уредување со хортикултура
7. Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000
   -приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура

III. ИДЕЕН ПРОЕКТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

СО

НАМЕНА Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ,
НА К.П.бр.323/5 И К.П.бр.323/9, м.в.„КАЛИМЕРОВО“,
К.О.НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ПЛАНСКИ ДЕЛ
НА У.П. ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Вовед:

Врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20) се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20 и 219/21) за градби од група на класи на намени за земјиштето Е-инфраструктури.

Конкретната намена на земјиштето ќе биде класа на намена Е1-13 површински соларни и фотоволтаични електрани.

Конкретната намена на идната градба ќе биде од класата (479) G3.7 фотоволтаични електрани, односно изградба на фотоволтаична електрана со моќност до 5 MW.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план има содржина согласно член 60 и член 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20).

Во рамките на К.П.бр.323/5 и К.П.бр.323/9, м.в.„Калимерово“, К.О.Ново Село Штип, кои се предмет на изработка, при теренската анкета на постојната состојба констатирани се следните содржини:

- неизградено земјиште, односно во проектниот опфат нема изградено објекти;
- на југоисточната страна на проектниот опфат се наоѓа јавен пат со земјен коловоз преку кој се пристапува во истиот.
- од комунална инфраструктура, односно инсталации низ проектниот опфат поминуваат ЕЕ објекти сопственост на АД МЕПСО и ЕД ДООЕЛ Скопје и тоа пресек со 400 kV далекувод на АД МЕПСО и пресек со 10(20)kV надземна мрежа на ЕД ДООЕЛ Скопје.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

3.1 Опис на дејностите или активностите кои ќе се одвиваат во градбите во проектниот опфат:

Во катастарските парцели К.П.бр.323/5 и К.П.бр.323/9 ќе се одвива дејност од основната класа на намени Е1-13 површински соларни и фотоволтаични електрани. Површината на проектниот опфат изнесува 69.381м^2.

Во катастарските парцели се предвидува една градежна парцела со една површина за градење, за која во продолжение ќе се дадат урбанистичките параметри за неа.

Урбанистички параметри за градење во **Г.П.бр.1** согласно Урбанистичкиот проект:

- површина на градежна парцела бр.1	**69 381 m²**
- површина за градење изнесува	**53 722 m²**
- максималната височина до венец изнесува	**4.0 m**
- максимален број на спратови	**П (еден)**
- вкупната етажна површина за градење изнесува	**53 722 m²**
- намена на новите површини за градење	**Е1-13** површински соларни и фотоволтаични електрани
- процент на изграденост	**77.43 %**
- коефициент на искористеност	**0.77**
- влез од полскиот пат со земјен коловоз (локален јавен пат)	
- котата на нултата плоча изнесува максимум	**1.20m**
- максимален број на спратови	**П (еден)**

-При изработка на основниот проект за фотоволтаичната електрана, да се примени член 20, став (3) од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М. бр.11/18), и член 172, ставови (4) и (5) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20).

3.2 Внатрешни сообраќајници:

Во проектниот опфат, се предвидуваат внатрешни сообраќајници односно површини кои овозможуваат движење на возилата околу проектираната површина за градење особено во текот на изградбата, а потоа и за потребите на тековното одржување на фотоволтаичната централа. Главниот влез во проектниот опфат е од југозапад, од постојниот локален јавен пат со земјен коловоз.

3.3 Начин на обезбедување на потребен број на паркинг места:

Паркирањето да се реши во границите на градежната парцела согласно член 129, 130, 131 и 132 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена височина и површината за градење. При планирањето на сообраќајниот систем, потребно е да се обезбеди заштитен коридор и пристап до објектите за противпожарни возила, согласно прописите за ППЗ кои се на сила. Согласно технолошкиот процес карактеристичен за оваа површина за градење која функционира без вработени, потребата од паркирање ќе биде ретка и повремена во текот на експлоатацијата на фотоволтаичната централа, затоа се планираат вкупно три паркинг места, од кои едно е за лица со хендикеп.

3.4 Партерно решение со хортикултура:

Како површини наменети за внатрешен сообраќај се предвидува да биде самиот терен кој не е зафатен со фотоволтаичните панели и предвидената внатрешна сообраќајница. При изработката на основниот проект, да се примени член 20, став (3) од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М. бр.11/18), и член 172, ставови (4) и (5) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20).

Површините наменети за озеленување, а тоа се површините во градежната парцела кои не се зафатени со површината за градење и површините меѓу редовите со фотоволтаични панели се предвидува да бидат уредени со трева и ниско украсно зеленило.

3.5 Водови и инсталации на инфраструктурите:

Површината за градење (фотоволтаична централа) во Г.П.бр.1, ќе биде поврзана на веќе изградената електрична мрежа по насоки и согласност на Електродистрибуција дооел Скопје. Фекална канализациона мрежа и водоводна мрежа не се потребни за функционирање на фотоволтаичната централа.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Намената на површината за градење планирана и проектирана со овој Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план, е во согласност со намената педвидена во условите за планирање, а тоа е Е1-13 површински соларни и фотоволтаични електрани, односно фотоволтаична централа (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) со моќност до 5MW.

Согласно овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, максималната висина ќе се дефинира во зависност од потребите на технолошкиот процес кој ќе биде прикажан со проектната документација.

Во однос на Идејниот проект во склоп на овој У.П., тој е во рамките на површината за градење. Како составен дел на У.П. идејниот проект содржи фази „А“ и „Е“, согласно чл.61 став(2), како потребен идеен проект во зависност од видот и карактеристиките на предметната градба.

Понатамошната разработка на овој Урбанистички проект треба да биде со Основен проект.

Во текот на процесот на целосно проектирање, односно изработката на основниот проект, тој може да се изменува во зависност од потребите на инвеститорот(во смисла на посовремени панели и други постројки), при што не смеат да се пробиваат пропишаните урбанистички параметри. Може да се надмине планираната висина до кровен венец за потребите на одреден специфичен технолошки процес.

5. МЕРКИ ЗА:

5.1. Заштита на животната средина:

За обработка на овој дел од проектните барања постојат ограничувачки фактори а тоа се:

Во законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (Сл.в. на Р.М. бр.69/96) ништо поконкретно не е речено кои се начелните обврски што при изработката на урбанистичките планови треба да бидат запазени и елаборирани од аспект на заштита на трите животни медиуми, и не постои системско следење на состојбата во врска со загадувањето, врз основа на кои податоци би се правеле одредени заклучоци и би се предлагале мерки за заштита на средината.

Согласно позитивните законски прописи во процесот на просторното и урбанистичкото планирање се предвидуваат мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата. За природната средина (без човековото присуство во неа) е карактеристична способноста сама да се регенерира и да одржува рамнотежа и коегзистенција помеѓу одделни облици на живот од една страна, исто така и меѓу вкупниот живот и мртвата природа од друга страна.

Човековото присуство во природната средина, колку и да е незначително, внесува компоненти кои ја деградираат. Тој со неговото свесно делување искористува за најразлични цели, делови од таа средина и од нејзините урамнотежени енергетски потенцијали. Со тоа човекот врши свесна или несвесна деградација на средината во која егзистира односно само на човекот му е својствено по вештачки пат да врши големи присилни трансформации на енергијата од еден во друг вид што му е погоден за експлоатација. Таа трансформација е возможна по цена на создавање на големи количини на отпадни загадувачки материи што вршат загадување на трите медиуми: почвата, водата и воздухот.

Разбирливо е дека потребите за поголеми количини енергија создаваат огромни количини на отпадни материи, кои ако не се контролираат се заканува да го уништат и самиот живот. Не случајно се вкоренува паролата дека на човекот му се заканува самоуништување од неговите сопствени отпадоци.

Деградацијата и уништувањето на животната средина се врши на два начина: примарен и секундарен.

Примарниот начин е по пат на ерозија, експлоатација и други видови зафаќање од земјината материја, а секундарниот начин по пат на создавање на отпадни материи во процесот на трансформација на енергија и други видови човечки активности со современ јазик наречени технолошки процеси. Често пати секундарните загадувања се толку големи што луѓето во нив гледаат примарни загадувачи и уништувачи на животната средина запоставувајќи го фактот дека сопствената глад за се поголемо искористување на природните енергетски потенцијали е основната причина за деградација и уништување на нивната животна средина.

Прашање е до кој степен загаденоста на трите медиуми се смета за поднослива, односно загаденоста систематски да се прати, анализира и на време да се алармира за преземање на определени мерки.

Одговорот е во тоа дека со закони и подзаконски акти се регулирани дозволените, па според тоа и поднослив степени на загадување на медиумите со најразлични штетни материи. Немоќта на општеството во оваа област во однос на градот Штип се гледа во тоа што никој не ја прати состојбата во врска со загадувањето така да не може да стане збор дека некои нови, односно зголемени постојни продукциони активности ќе влијаат на пречекорувањата на дозволените степени на загаденост.

Овој проектен опфат зафаќа околу 6.94ха. Карактеристично за општина Штип, е тоа дека има малку или воопшто нема (не работат) производни капацитети кои прават големи загадувања. Ако се има во предвид доминантниот систем на градба во околината на овој проектен опфат и во него, а тоа се земјоделски

површини, кои содржат повеќе видови зеленило може да се извлече интуитивен заклучок дека загадувањата ќе бидат мали.

Комуналната хигиена е исто така еден од факторите за здрава животна средина. Проблемот на одржувањето на комуналната хигиена не може да се реши со У.П., Урбанистичкиот проект може да придонесе само до толку што предвидува улици по кои можат непречено да се движат и разминуваат секакви специјални возила за одржување на комуналната хигиена и евакуација на кабасти отпадоци. Локациите за поставување на контејнери за собирање на отпадоците треба да се определат со посебна програма од локалната самоуправа бидејќи таа во детали ја познава состојбата.

Целосна елиминација на загадувачките материи во населбите не е можно да се постигне, меѓутоа оваа градежна парцела има можности да го задржи сегашното ниво на чистота на природните медиуми и со добро осмислена развојна политика во сите домени на работењето дури и да го подобри тоа ниво.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е следна:

- Закон за животна средина (Сл.В. на Р.М.бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл.В. на Р.М.бр.100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл.В. на Р.М.бр.9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.В. на Р.М.бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл.В. на Р.М.бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл.В. на Р.М.бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл.В. на Р.М.бр.18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл.В. на Р.М.бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20 и 219/21) и други законски и подзаконски акти.

5.2. Заштита и спасување:

5.2.1. Мерки за заштита од пожар:

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Штип бр. 09-27/2 од 10.02.2022 година, наведено е дека Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно при изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в. на

Р.М.бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.в. на Р.М.бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Противпожарната единица во Штип е лоцирана во објект кој се наоѓа на североисток од оваа градежна парцела. Во оваа служба се вработени околу 20 пожарникари, кои располагаат со 7 противпожарни возила. Од искажувањата на надлежните овој капацитет на противпожарната служба ги задоволува постојните потреби на градот и околните села. Пред да се образложи проекцијата на мерките за заштита од пожар сметам дека е потребно да се објаснат неколку поими за подобро да се разберат овие мерки.

-под **пожарно оптоварување** се подразбираат сите запаливи материјали кои се наоѓаат на одредено земјиште (конструкции, опрема, мебел, складирани огревни и други запаливи материјали и слично).

Според усвоените научни и емпириски критериуми пожарното оптоварување се изразува со вкупното количество на дрво што се наоѓа на едно подрачје изразено во килограми, и тоа земајќи дека еден килограм дрво дава калорична вредност од 4000 килокалории.

-за пожарно оптоварување до **25 килограми дрво на 1м^2** бруто развиена површина се смета дека пожарната повредливост е **мала**

-за **25-50 кг/м^2** повредливоста е **средна** односно постои можност за појава на поинтензивен пожар.

-за **50-100 кг/м^2** пожарното оптоварување е **зголемено**

-за **100-150 кг/м^2** пожарното оптоварување е **големо**

-за над **150 кг/м^2** пожарното оптоварување (повредливост) е **многу големо** при што се јавуваат катастрофални површински пожари

-противпожарни прегради се: поголеми неизградени површини, зелени парковски површини (но не и оние кои се засадени претежно со иглолисно зеленило) и пошироките сообраќајници. Противпожарните прегради се во најтесна врска со повредливоста на одреден простор од пожар, кои директно влијаат на запирање на ширењето на пожарите. Како позначајна противпожарна преграда се предвидува да биде, постојниот земјен локален пат кој се наоѓаат југозападно од проектниот опфат и реката Брегалница која исто така се наоѓа од источната и јужната страна.

Сообраќајното решение и начинот на изградба на објектот овозможува пристап на противпожарното возило од повеќе страни. Сите сообраќајници се со доволна широчина и се со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила. Времето потребно за интервенција од противпожарната станица до градежната парцела, би изнесувало околу 10 минути. Најголемото растојание од противпожарната станица до објектот предвиден со овој У.П. изнесува околу 5.7 километри, а пристапот е многу едноставен од ул.„Партизанска“ каде е сместена противпожарната станица, потоа по

ул.„Ванчо Прке“ се до ул.„Кеј Димитар Влахов“, потоа по регионалниот пат Р1204 Штип-Свети Николе низ село Ново Село и по локалниот пат до проектниот опфат.

Реката Брегалница кој е во непосредна близина на проектниот опфат претставува алтернативна можност за снабдување на противпожарните возила со вода при гаснењето на пожарите.

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека врз основа на планираната состојба, првенствено намената на површините и сообраќајното решение при евентуално појавување на пожар во градежната парцела, противпожарната интервенција се очекува да биде брза и ефикасна, а ширењето на пожарите би го спречиле противпожарните прегради.

5.2.2. Мерки за заштита од воени разурнувања:

Низа специфични услови кои можат да го зафатат едно подрачје или одредени негови делови претставуваат вонредни услови во кои регионот со својата структура мора да опстојува. Најинтензивни и најсложени вонредни состојби во кои може да се најде едно подрачје ги предизвикуваат воените дејствија. Првенствена цел на евентуалниот агресор би била уништување на човечкиот и материјален потенцијал како значаен фактор за вршење општонароден отпор. Просторот ќе биде изложен на средства за масовно уништување: нуклеарни, биолошки, бактериолошки, хемиски и други класични видови средства за напаѓање. Врз основа на проценка и валоризација на повеќе фактори (природни, воени и урбани) кои имаат влијание на загрозеноста на одреден простор и планот за загрозеност на Р.М., општината Штип е подрачје од II (втор) степен на загрозеност. Според планот за загрозеност и повредливост на градот, Штип спаѓа во простор со низок степен на загрозеност – втора зона.

Мерките за заштита на вработените, и корисниците на услуги во градежната парцела, ги опфаќаат сите облици на индивидуална заштита, урбанистичките мерки за заштита и намалување на степенот на повредливост на урбаната структура, планирањето на просторот за подобрување на условите за организирана заштита и евакуација на населението на помалку загрозени подрачја. Уличната мрежа ја поврзува градежната парцела со останатите делови од градот Штип. Профилот на улицата овозможува проодност за брза евакуација. Процентот на изграденост на земјиштето (на ниво на У.П.) изнесува 77.43%, и обезбедува слободни површини околу објектите како мерка на заштита, со оглед на нивната специфичност-фотоволтаични панели.

Бидејќи фотоволтаичната централа функционира без вработени нема потреба да се планираат двонаменски засолништа, со дополнителна заштита и отпорност од 50 килопаскали (КПа).

5.2.3. Мерки за заштита од природни непогоди:

Во мирнодопски период може да дојде до појава на вонредни услови поради елементарни непогоди кои настануваат под дејство на природни сили: земјотрес, поплава, силен ветар, снег, наноси, лавини, лизгање и одронување на теренот и слично. Многу од овие опасности можат предвреме да се предвидат, при

што можат да се превземат одредени организациско-технички мерки за нивно спречување или намалување на последиците.

Сеизмичките појави, земјотресите, се доминантни природни непогоди кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Просторот на градежната парцела, според сеизмичките карактеристики е зона со висок степен на сеизмичност и очекуван интензитет од 9,0 степени по MKS скала. Намалување на сеизмичкиот ризик и последиците може да се постигне со примена на соодветни мерки за заштита на создадените вредности (евентуална градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради зголемување на отпорноста од земјотрес), односно целата примена на техничките нормативи за асеизмичка градба на ваков тип на објекти, во зависност од очекуваниот степен на сеизмички хазард за подрачјето на Општина Штип во сеизмичката карта.

При изработката на овој У.П. се предвидуваат и пропишуваат мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в. на Р.М.бр.36/04, 49/04 и 86/08) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

